Врз основа на член 46 ставови (6) и (8) од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА РАБОТНИЦИТЕ КОИ ЌЕ ВРШАТ СЕРВИСЕН ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛНО ИСПИТУВАЊЕ НА АПАРАТИТЕ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари (во натамошниот текст: стручниот испит) и содржината на Програмата за полагање на стручен испит.

Член 2

Стручниот испит се полага пред комисија формирана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување согласно Закон за пожарникарството и според Програма за полагање на стручен испит, која е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Од страна на кандидатот за полагање на стручниот испит се поднесува пријава до Дирекцијата за заштита и спасување, која содржи: име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, вид на образование и податоци за правното лице кај кое е извршена практичната работа за вршење на сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари.

Кон пријавата од став 1 на овој член се приложуваат следните документи:

-доказ за завршено образование минимум средно образование од техничка насока (IV степен);

-доказ за завршена практична работа во правното лице кое врши сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати и

-доказ за платени трошоци за полагање на стручен испит, 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија, на денот на уплатата, на жиро сметка на Дирекцијата за заштита и спасување.

Документите од став 2 на овој член се приложуваат во фотокопија, а оригиналот се дава на увид на комисијата пред полагање на стручниот испит.

Член 4

Кандидатот кој ги исполнува условите за полагање на стручниот испит, од страна на комисијата се известува за времето и местото на полагање на стручниот испит најдоцна 15 дена пред денот утврден за полагање на стручниот испит.

Член 5

Стручниот испит се состои од два дела, усмен и практичен дел.

Стручниот испит се вреднува со 150 поени, како максимален број на освоени поени, од кои што усмениот дел се вреднува со 100 поени, а практичниот дел со 50 поени.

Ако кандидатот го положи усмениот дел од стручниот испит преминува кон полагање на практичниот дел од испитот.

Член 6

Усмениот дел на стручниот испит се смета за положен ако кандидатот освоил најмалку 70 поени.

Усмениот дел од стручниот испит се полага пред сите членови на комисијата, според редослед на полагање кој го утврдува претседателот на комисијата.

Практичниот дел од стручниот испит се смета за положен ако кандидатот освоил најмалку 30 поени.

Практичниот дел од стручниот испит се состои во полагање на практичен пример за извршување на сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари, како и за гаснење на пожар со противпожарен апарат.

Член 7

Кандидатот кој не го положил стручниот испит, истиот може да го полага по истекот на 30 дена од денот на последното полагање.

Кандидатот може да се откаже или да го одложи полагањето на стручниот испит поради болест, несреќа, смртен случај во семејството или други оправдани причини за кои кандидатот пред денот утврден за полагање на испитот доставува писмени докази до комисијата.

Член 8

За стручниот испит се води записник во кој се внесуваат податоци за членовите на комисијата, името и презимето и датумот на кандидатот, датум на полагање, поставените прашања на кандидатот, практичниот пример кој го полагал кандидатот, како и бројот на освоените поени.

Записникот се потпишува од страна на претседателот и членовите на комисијата.

Член 9

Кандидатите кои успешно го положиле стручниот испит добиваат потврда за положен стручен испит за сервисирање и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари.

Во потврдата од став 1 на овој член се наведуваат името и презимето на кандидатот и останатите податоци од лична карта, датумот и местото на полагање на стручен испит и бројот на освоени поени со кои кандидатот го положил испитот.

Потврдата се издава во два исти примероци (еден примерок за кандидатот и еден примерок за во досието од евиденција на Дирекцијата за заштита и спасување).

Потврдата се потпишува од страна на претседателот на комисијата.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на полагање на стручениот испит на работниците кои вршат

сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/05).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-297/2
06 февруари 2018 година
Скопје

Директор на
Дирекцијата за заштита и спасување,
**Аднан Цафероски**

Прилог

# ПРОГРАМА
## за полагање на стручен испит

Програмата за полагање на стручен испит за сервисирање и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари се состои од теоретски и практичен дел, и тоа:

1. **Основи од законската регулатива:**

- Закон за заштита и спасување (глава VI, 1.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, глава XVI.Надзор, глава XX.Прекршочни одредби, кои се однесуват за физичко лице и прекршоци кои се однесува за неспроведување на мерката 1.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи);
- Закон за пожарникарството (глави IV, V, VII, VIII);
- Закон за безбедност и здравје при работа (глава I, II, III. 1.Заштита од пожар, евакуација и спасување, 2.Информирање на работниците, 4.Обука на вработените, глава IV, VII);
- Закон за прекршоците (одредби кои се однесуват за прекршоци кои можат да ги сторат лицата при сервисирање и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари);
- Кривичен законик (Значење на изразите на овој законик, Кривични дела против работните односи, Кривични дела против животната средина и природата, Кривични дела против имотот, Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот);
- Прописи за мерни единици, мерила и метролошки услови;
- Прописи за садови за компримирани, течни и под притисок полнети гасови.

2. **Основи на процесот на горење и гаснење:**

- класификација на материите;
- горење на материите;
- продукти на горењето;
- класификација на пожарите;
- процес на гаснење;
- средства за гаснење;
- методи на гаснење;
- одржување и складирање на средства за гаснење.

3. **Противпожарни апарати:**

Опфаќа познавање на прописи кои се однесуваат на:

- видови и типови на противпожарни апарати;
- конструкција и принцип на работа на противпожарните апарати;
- технички особини на противпожарните апарати;
- ракување со противпожарните апарати.

4. **Практична работа:**

Опфаќа познавање и изведување на работи на сите видови и типови на противпожарни апарати, и тоа:

- сервисен преглед;
- контролно испитување;
- гаснење на пожар со противпожарен апарат.